**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Мики Лазаров**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Солунска бр.4**
**тел. 043/210-535**

**Образец бр.66**

**И.бр. 204/2024**

Извршителот Мики Лазаров од Велес, ул.Солунска бр.4 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Капитал Банка АД Скопје од Скопје со седиште на Ул.Никола Кљусев бр.1 преку полномошник Адвокат Славко Секулов, го отстапил побарувањето засновано на ОДУ број 526/2021 од 29.10.2021 година на Нотар Гоце Ѓуракоски а пбарувањето го примил Национална агенција за наплата НАН ДОО Скопје засновано на заверка под ОДУ број 3553/2025 на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје од 31.12.2025 година, против должникот Игор Јанев од Велес со живеалиште на Ул.Питу Гули бр.28 Велес и гарант Сања Јанева со живеалиште на Ул.Питу Гули бр.28 Велес , за спроведување на извршување во вредност 831.984,00 денари на ден 03.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена:

-КП број 5889, дел 0, Ул.Питу Гули бр.28, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда превземена при конверзија на податоците од стариот електронски систем А1-1, влез 3, кат К 2, број 3, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 64м2.

-КП број 5889, дел 0, Ул.Питу Гули бр.28, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда превземена при конверзија на податоците од стариот електронски систем А1-1, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен/заеднички дел од зграда Г, со внатрешна површина од 20м2

запишани во имотен лист бр.23090 за КО Велес, сопственост на должникот

И за недвижноста попишано со записник по член 239-а став 1 од З.И од 18.03.2024 година И.бр.204/24, согласно геодетски елаборат за индификација на недвижност со деловоден број 0808-22/23 од 25.03.2024 година од Друштво за истажување, инженеринг и проценка ГЕОАПРУЗЛ Скопје, и тоа тераса од 3м2, тераса од 5м2 и тераса од 2м2 во состав на КП5889 за КО Велес во објект 1 кат 2 влез 3 без утврдени права

Продажбата ќе се одржи на ден 24.04.2026 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Мики Лазаров

Вредноста на недвижноста е утврдена со заклучок на извршителот Мики Лазаров И.бр.204/24

На предлог на Предходникот-отстапувачот Капитал Банка АД Скопје, од 27.05.2024 година, почетната продажна цена на недвижноста се утврдува во износ од 1.465.216,00 денари, под кои износ недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Од страна на предходникот-отстапувачот Капитал Банка АД Скопје, до Извршителот Мики Лазаров на ден 23.05.2025 година е доставен предлог за трета продажба на недвижност со усно јавно наддавање, така што на третата продажба недвижноста не може да се продаде по цена пониска од 1.465.216,00 денари.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености залогата што се реализира,залога во корист на Капитал банка АД Скопје, врз основа на нотарски акт ОДУ бр.526/21 од 29.10.2021 на Нотар Гоце Ѓуракоски, со прибелешка на Извршител Мики Лазаров И.бр.204/2024 година.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната продажна цена, најдоцна до 23.04.2026 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250100402016121 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5004017508885

Даночните обврски по основ на продажба, паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: Дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Мики Лазаров

Д.-на: доверител
Должник
Гарант
Општина Велес-Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
УЈП-Велес

03.04.2026

X

Signed by: Miki Lazarov

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Велес согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.